Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-459/2
25-10-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-459/1 од 18.6.2024 година, поднесена од Здружение на новинарите на Македонија, со седиште на [redacted] Скопје, против [redacted]-Скопје, за извршена дискриминација врз основа на образование, политичка припадност и личен или општествен статус во областите на работа и работни односи и јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08-459/1 од 18.6.2024 година поднесена од Здружение на новинарите на Македонија против [redacted] **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ**.

## Образложение

На ден 18.6.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од Здружение на новинарите на Македонија против [redacted] Скопје, за извршена дискриминација врз основа на образование, политичка припадност и личен или општествен статус во областите на работа и работни односи и јавно информирање и медиуми.

Според наводите од претставката, на ден 20.5.2024 година [redacted]и, во својство на [redacted]-Скопје, донела „наредба“ со арх. бр. 03-214-11 со која на сите вработени во клиниката за токсикологија им забранила „неовластено присуствување, давање изјави за јавност преку интервјуа и свикување прес-конференции, неовластено свикување на конференции за печатени и електронски средства за информирање, давање интервјуа и сл.“, како и „средби со новинари и други медиуми само со претходно известување до [redacted]. Дополнително во наредбата се вели дека нејзиното непочитување подлежи на санкционирање.

Подносителите на претставката сметаат дека со ваквата наредба [redacted] не само што грубо ги дискриминира своите вработени, здравствени работници и лекари, туку и грубо ја оневозможува работата на новинарите за примање и пренесување на информации од висок јавен интерес до генералната јавност во државата. Со тоа, сметаат дека ВД директорката директно ги дискриминира новинарите и новинарската професија, но и вработените во институцијата.

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

Во овој контекст, а по увид во наводите од претставката, Комисијата констатира дека не станува збор за прашања кои потпаѓаат под нејзина надлежност.

Имено, за да постои дискриминација, потребно е да станува збор за нееднаков третман кон одредено лице, во однос на друго лице во споредлива ситуација и притоа истото да е засновано на некоја дискриминаторска основа.
Во конкретниот случај наредбата на ВД директорката на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија-Скопје се однесува на сите вработени во клиниката и сите новинари и медиумски работници, па оттука не постои соодветен компаратор, односно друго лице или група на лица во истата или слична ситуација кои биле третирани поповолно, а во однос на кои би се споредувал третманот кон вработените и новинарите. Со ваквиот недостаток не може да стане збор за нееднаков третман помеѓу две лица или група на лица.
Исто така, наложеното во наредбата не се заснова на некоја заштитна карактеристика на оние на кои е упатена, односно во случајот не постои легитимна дискриминаторска основа.

Оттука, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

Скопје
22.10.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Здружение на новинарите на Македонија, [redacted]